Почитувани родители,

Ја обработувавме вештината „Помагање на пријателите“. На часовите децата гледаа видео снимки на кои оваа вештина е прикажана низ неколку компоненети/правила, и ја применуваа вештината преку играње улоги.

Го споделувам со вас материјалот со компонентите за адекватно изведување на оваа вештина и социјална приказна, како би можеле да организирате вежбање надвор од училиштето. Надвор од училиште не значи само во вашиот дом, туку било која прилика надвор од училишната рутина (во паркот, со другарите на улица, на роденден, на гости кај роднините и сл.).

Организирајте ситуации (игри или активности) во кои вашето дете ќе може да го примени она што го научило. Пред да вежбате примена на вештината „помагање“ важно е предходно да ја прочитате социјалната приказна. Најдобро е да ја читате во ситуации кога детето е опуштено и расположено. За подобро да го насочите детето на приказната, можете да му кажете дека оваа приказна сте ја напишале специјално за него. Прво читајте ја приказната заедно, а потоа следете го детето додека чита самостојно.

Следно повторете ги правилата за споделување. Во таа прилика можете прво да го прашате детето дали ги запомнило правилата за добро споделување, а потоа прегледајте го заедно визуелниот материјал со компонентите на вештината.

Ви испраќам работен лист за да можете да ги пополните моментите кога вашето дете ја применило оваа вештина надвор од училиштето. Во работниот лист можете да нацртате, залепите фотографии или да сумирате накратко како оваа вештина била применета во пракса (каде детето ја применило вештината, со кого, дали бил успешен, кои компоненти претставувале проблем).

Доколку имате било какви прашања или тешкотии, ви стојам на располагање.

Ви благодарам за соработката,

[Вашето име]